РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2697/7
16.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 25 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 9.7.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Зирјета Јајага (годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, Магдалена Д.Довлева, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** Мирјана Трпчевска, претставник на ТРД ТВ 24 Вести.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 25. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.7.2026 година.

2. Предлог-решение за отфрлање на Известувањето за промена на сопственичката структура на ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип.

3. Предлог-одлука за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци.

4. Предлог за давање одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година.

5. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата за ТДР Радио Ускана-Плус увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на стока: лиценци за firewall.

7. Разно.

**Точка 1**

Советот го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 24. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 9.7.2026 година, поради краткиот временски период за негова техничка подготовка и изработка.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлог-решението за отфрлање на Известувањето за промена на сопственичката структура на ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип. Тој појасни дека на 13 мај 2026 година радиодифузерот доставил Известување за промена на сопственичката структура. Согласно подзаконскиот акт на Агенцијата, кон известувањето била приложена тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од која произлегува дека сопственик на радиодифузерот е правното лице „Комнет 328 ДОО Белград“. Во постапката за утврдување дали се исполнети законските услови за одобрување на промената, од јавно достапните податоци на Агенцијата за стопански регистри на Република Србија било утврдено дека на 13 февруари 2026 година над правното лице „Комнет 328 ДОО Белград“ е отворена постапка за принудна ликвидација и истиот ден е објавен оглас за принудна ликвидација. Со цел целосно утврдување на фактичката состојба, Агенцијата го продолжила рокот за постапување и побарала дополнителна документација. На 11 јуни 2026 година радиодифузерот доставил тековна состојба од Агенцијата за стопански регистри на Република Србија, од која произлегува дека полниот назив на сопственикот е „Комнет 328 ДОО Белград во принудна ликвидација“, а како законски застапник е запишан ликвидаторот Зоран Киш. Директорот истакна дека, и покрај дополнителниот рок, не била доставена комплетна документација, а приложените документи содржат различни податоци. Имено, во тековната состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија како сопственик е наведено „Комнет 328 ДОО Белград“, додека во регистарот на Република Србија е наведено „Комнет 328 ДОО Белград во принудна ликвидација“. Поради ваквата несогласност на податоците, а со цел Советот да одлучува врз основа на целосно утврдена фактичка состојба, се предлага Известувањето за промена на сопственичката структура да биде отфрлено.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша дали со давањето дополнителен рок се настојувало да му се овозможи на радиодифузерот да ја комплетира документацијата, имајќи предвид интересот медиумот непречено да продолжи со работа.

Директорот Трајчевски појасни дека со донесувањето на предложеното решение постапката за промена на сопственичката структура ќе биде завршена, но тоа нема да влијае врз работењето на радиодифузерот, кој ќе продолжи да функционира согласно постојната сопственичка структура. Тој нагласи дека станува збор исклучиво за административно-правни прашања што сопственикот треба да ги усогласи, а не за прашања што го засегаат работењето на медиумот.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Решението за отфрлање на Известувањето за промена на сопственичката структура на ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип, Уп1 бр.02-132 од 13.5.2026 г., поради тоа што е нецелосно и нејасно, односно не содржи

точни, целосни и меѓусебно усогласени податоци од надлежните јавни регистри, за да може да се пристапи кон понатамошно одлучување.

За донесеното Решение да се извести Трговското радиодифузно друштво 24 Вести ДООЕЛ Штип.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Решение да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точки 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на Барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на локално ниво на подрачјето на Општина Кавадарци. Тој појасни дека до Агенцијата е доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за емитување музичко-говорно радио програмски сервис на локално ниво. Согласно законот, Агенцијата изработила Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс, со која било утврдено дека не постои оправданост за доделување нова дозвола за ваков програмски сервис на подрачјето на Општина Кавадарци. Поради тоа се предлага Советот да го одбие поднесеното барање.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одбива Писменото барање, арх.бр.08-1667/1 од 6.4.2026 г. за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на музичко-говорно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Кавадарци. Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлогот за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година. Тој истакна дека предложените измени произлегуваат од претходно донесената одлука на Советот за намалување на Финансискиот план за 2026 година. Во таа насока, од Годишниот план ќе бидат отстранети шест јавни набавки, кај дел од останатите ќе се намалат предвидените средства, а ќе биде предвидена и нова јавна набавка за систем за ладење, греење и вентилација, поради тоа што постојниот систем не е во функција. Директорот информираше дека по усвојувањето на изменетиот План ќе биде свикана нова седница, на која ќе се донесе одлука за спроведување заедничка јавна набавка со Министерството за спорт за набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година (пречистен текст), бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи, да изврши редоследно усогласување на набавките содржани во главата I, II и III на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, изменувањата и дополнувањата на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да ги објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за отпис на долг од сметководствената евиденција на Агенцијата во износ од 3.631 денар, кој го должи ТРД Радио Ускана-Плус ДООЕЛ Кичево. Таа појасни дека Советот на Агенцијата на првото продолжение на 8. седница, одржано на 4 март 2024 година, донел одлука за одземање на дозволата за радиоемитување поради неплаќање на надоместокот за вршење радиодифузна дејност. За периодот во кој радиодифузерот работел била издадена фактура во износ од 3.631 денар, која не била платена ниту по истекот на законскиот рок. Поради тоа Агенцијата повела постапка за присилна наплата. По правосилноста на решението бил издаден налог за извршување, но во меѓувреме Основниот суд во Кичево отворил стечајна постапка, по што на 10 јули 2025 година друштвото било избришано од Централниот регистар и престанало да постои како правен субјект. Со оглед дека не постои можност за наплата на побарувањето, во конечниот извештај од пописот за 2025 година е предложено долгот да биде отпишан.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се отпишува од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското друштво за радиодифузија Радио Ускана-Плус увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, во износ од 3.631,00 (три илјади шестотини триесет и еден) денар.

Одлуката за отпис на долгот на ТРД Радио Ускана-Плус увоз-извоз ДООЕЛ Кичево влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за спроведување постапка за јавна набавка на лиценци за firewall. Таа истакна дека се исполнети сите законски услови за започнување на постапката, бидејќи набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност, со примена на одредбите од Законот за јавни набавки што се однесуваат на овој вид постапка. Дополнително, информираше дека сите релевантни податоци за набавката се содржани во материјалите доставени до членовите на Советот, а постапката ќе започне со објавување оглас на Електронскиот систем за јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-стока: лиценци за firewall.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-стока: лиценци за firewall, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP